Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фонацијата: Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 4878256

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Никола Парапунов бр. 41А, П. фах 55, 1060 Скопје

Застапник: Александар Кржаловски, директор

Веб страница: www.mcms.mk

Електронска пошта (e-mail): mcms@mcms.mk

Телефонски број за контакт: 070 255 750 или 070 414 669

Лице за контакт: Александар Кржаловски или Александра Савевска

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

**Наслов на иницијативата: : Реформирање на системот на државно финансирање на граѓанските организации**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата)

Република Македонија членка на Европската Унија.

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата)

Меѓу другите цели ги истакнуваме следните две, а поврзаност постои со поголем дел од нив:
Промовирање на европските вредност во процесот на пристапување на Европската Унија преку транспарентност, зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница и интензивирање на регионалната соработка;
Започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија со Европската Унија.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и идентификација на поглавје и подрачје)

1. Политички критериуми 1.1 Демократија и владеење на правото Ц 12. Унапредување на соработката на Владата со граѓанскиот сектор 1.1.4 Граѓанско општество

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Во Извештајот на Европската Унија за напредокот на земјата во 2019 г. се нагласува потребата за дополнителни напори во адресирањето на финансирањето на граѓанските организации со воспоставување на предвидливо државно буџетирање. Европската комисија во своите извештаи нагласува дека „Владата треба да изгради долгорочна стратешка рамка за соработка со граѓанското општество, како и обврзувачка правна рамка за државно финансирање на граѓанските организации".

Предложената иницијатива е во тесна врска со заложбите на програмата на Владата за период 2020-2024. Имено, во програмата на Владата во делот за Граѓанско општество стои јасно изречената заложба дека ќе има зголемување на уделот на државното финансирање во приходите на граѓанските организации со цел да се достигне удел од 30% (околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година како и реформирање на постапката за доделување на финансиски средства за организациите.

Предложената иницијатива за реформа на системот на финансирање на граѓанските организации е дел од постојната Стратегија за соработка и развој на граѓанските организации и е во насока на продлабочување на соработката на граѓанските организации и државата. Затоа, оваа реформа треба да придонесе кон обезбедување видливост и остварување на потребите на граѓаните преку градење партнерство на државата со граѓанските организации засновано на финансиска поддршка распределена на транспарентен и отечен начин.

Со оглед на погоре кажаното, сметаме дека Владата во програмата за 2021 година треба да се заложи и ја спроведе оваа иницијатива со фокус на два важни елементи:

1. **Зголемено државно финансирање на граѓанските организации**

Иако граѓанските организации се еден од највлијателните фактори на демократски развој во земјата, во реалноста тие се соочуваат со недостаток на финансиска и институционална рамка која ќе придонесе за остварување на таа општествена улога и за нивно понатамошно зајакнување. Со тоа државата не успева ефективно да го искористи потенцијалот и улогата на граѓанското општество да трансформира и модернизира поттикнувајќи го граѓанскиот ангажман, но и постојано градење на сопствените капацитети.
Буџетските средства кои се одвојуваат за граѓанските организации на централно ниво не се соодветни на потребите на граѓанските организации и се далеку пониски во однос на регионалните практики. Имено, преку ставката 463 на централно ниво, освен во последните две години (2017 и 2018) во кои достигна ниво од 7 милиони евра, во просек низ годините се доделуваа околу 5 милиони евра годишно. Споредбените податоци за државното финансирање во Македонија со земјите од регионот, исто така упатуваат на несоодветност на висината на средствата. (Види табела бр. 1).

**Табела бр. 1.** Приходи на ГО од државно финансирање во земји од регионот за 2016 година

| Земја | Вкупен приход на ГО (ЕУР) | Приходи на ГО од држ. фин на централно ниво | % на држ. фин во вк. приход на ГО | С-ва по глава на жител | С-ва по рег. ГО |
|---|---|---|---|---|---|
| Словенија | 801.936.978 | 189.097.561 | 24% | 91,49 | 7.140,88 |
| Хрватска | 765.407.775 | 98.177.677 | 13% | 23,58 | 4.072,24 |
| **Македонија** | **150.627.467** | **4.673.180** | **3%** | **2,24** | **691,09** |
| Црна Гора | н/а | 3.129.477,27 | н/а | 5,03 | н/а |

При дефинирање на висината на средствата со кои би се поддржале организациите од страна на државата потребно е да се **согледаат погоре спомenатите регионални трендови**. Неопходно е Владата да преземе мерки за достигнување на регионалните практики со акцент на **учеството на поддршката која ја имаат граѓанските организации од државата споредбено со вкупните приходи и расходи на ГО**. Податоците за 2016 од ЦРМ укажуваат на вкупни приходи од 150 милиони евра, а државата од буџетот издвојува околу 5 милиони евра годишно. Анализите на светско ниво укажуваат на соодветна диверзификација на буџетите на граѓанските организации од различни донатори, **која најчесто е во соодност на третина од приходите добиени од државно финансирање.** Оттука, предлогот е во периодот од 2021 г. до 2024 г. финансирањето на граѓанските организации од страна на државата постепено да се зголемува почнувајќи **од 15 милиони евра во 2021, до најмалку 30 милиони евра во 2024 година.**
Проектирањето на висината на средствата треба да се дефинира во годишните планови на Владата (при подготовка на буџетот). Потребно е однапред да се подготви план за висина на издвојување на средства за најмалку три следни години, а засновано на просекот на годишни приходи во граѓанското сектор во претходните три години.
Одговорни органи на државната управа: Министерство за правда, Министерство за финансии и Министерство за труд и социјална политика, Генералниот секретаријат при Влада – Одделение за соработка со невладини.

## 2. Реформа на системот за доделување на средства за граѓански организации

Реформата на системот на доделување средства за граѓански организации од државата треба да се фокусира на правната и институционалната рамка.
Прво, во однос на **правната рамка**, потребно е донесување на законски обврзувачки акт за распределба на средства за граѓанските организации од Органите на државната управа. Постапката за доделување на средства за граѓанските организации треба да се заснова на принципите на транспарентност, отчетност и ефикасност и да ги следи стандардите на веќе воспоставениот „Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации". Позитивни примери за распределба на средства за граѓански организации постојат и во Македонија (како на пример: Одделението за соработка со невладини организации) но недостасува конзистентност во следењето на успешните приказни меѓу различните сектори и регулирање на оваа материја со законски акт ќе донесе поголема доверба и соработка меѓу организациите и државата. Дополнително, членови од граѓанските организации треба да се вклучени во процесот на одлучување во постапките за доделување на финансиска поддршка во делот на мониторирање и следење на процесот. Вклучувањето на граѓанските организации во овие процеси да биде со транспарентен избор и отворена постапка и ослободени од било каков конфликт на интерес.
Второ, потребно е подобрување на **институционалната поставеност** на системот за државно финансирање на граѓанските организации. Во пракса постојат повеќе примери како може да се постави функционален систем каде освен децентрализираното финансирање на граѓанските организации од различни сектори се среќаваат и Национална фондација за развој на граѓанско општество во Хрватска, Фондација за развој на граѓанско општество во Романија, Фонд за развој на невладини во Словенија и слично. Предлозите и препораките за воспоставување на моделот на финансирање на граѓанските организации на централно ниво се веќе обработени во неколку домашни анализи, види повеќе во делот прилози каде се прикачени линковите од анализите на оваа тема.
Одговорни органи на државната управа: Министерство за правда, Министерство за финансии и Министерство за труд и социјална политика, Генералниот секретаријат при Влада – Одделение за соработка со невладини.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Предлог-иницијативата се очекува да ја зголеми довербата меѓу граѓанските организации и Владата, преку воспоставување на транспарентен и отчетен начин на распределба на средствата од буџетот. Дополнително, иницијативата би придонела кон поголема одржливоста на граѓанските организации преку зголемување на средствата и проширување на опсегот на области за кои се поддржуваат граѓанските организации од игрите на среќа и забавните игри. На овој начин, Владата ќе може да одговори на реалните потреби на граѓанските организации за реализирање на активности и програми од важност за секој граѓанин во нашето општество.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Реформата на системот на државно финансирање на граѓанските организации има финансиски импликации. Дел од средствата може да се обезбедат од измени во Законот на игри на среќа, а дел да бидат директно предвидени од Буџетот. Со воспоставување на работна група во Министерство за правда за предлог во која активно ќе бидат вклучени претставници од граѓанските организации и другите засегнати страни ќе се изнајде решение од каде точно ќе се повлечат средствата и како ќе се постави системот за државно финансирање на граѓански организации. Донесувањето на обврзувачки акт за распределба на средствата за граѓанските организации од буџетот ќе се донесат во склоп на редовните работни активности на Одделението за соработка со невладините организации како и редовните работни активности на граѓанските здруженија и органите на државната управа.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

- **Анализа на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од буџетот на Република Северна Македонија (2019)**
  **https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Анализа%20на%20финансиската%20поддршка%20на%203Ф%20од%20буџетот%20на%20РСМ%20%282017-2019%29_0.pdf**
  автори: Т. Адеми, В. Митевски, В. Стојкоски, Г. Мојаноски, издавач: Генерален секретаријат на Влада на РСМ
- **Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво (2017)**
  **https://mcms.mk/images/docs/2017/Analiza_na_budzhetskoto_finansiranje_na_gragjanskite_organizacii_na_centralno_nivo.pdf**
  автор: С. Огненовска, издавач: МЦМС
- **Препораки на модел за реформирање на државното финансирање за граѓанските организации на централно ниво (2017)**
  **https://mcms.mk/images/docs/2017/preporaki-za-model-za-reformiranje-na-drzavnoto-finansiranje-za-gragjanskite-organizacii-na-centralno-nivo.pdf**
  автори: Е. Нурединоска, и С. Огненовска, издавач: МЦМС

АСв/АКр
11-23/37-2020
Скопје, 21.09.2020 г.

Македонски центар за меѓународна соработка МЦМС

Александар Кржаловски
директор